Врз основа на член 51 од Статутот на Федерација на планинарски спортови на Македонија, Претседателството на својата редовна седница одржана на ден 29.05.2018 година го усвои следниот

# П Р А В И Л Н И К

За вреднување на спортски резултати во младинската категорија, за добивање на категоријата Спортист – Спортска надеж

Член 1

Во знак на признание на младите членови во планинарската организација за постигнатите спортски резултати и популаризација на планинарските спортови, Федерацијата на планинарските спортови на Македонија доделува секоја година награди во младинска категорија.

Член 2

Предлог за кандидат, млад успешен спортист може да достават клубови кои се редовни членови на ФПСМ.

Предлогот треба да содржи:

- биографија на младиот спортист со уредно платена членарина на ФПСМ за најмалку 3 (три) години,
- постигнати резултати во тековната година со доставен билтен или извештај со образложение и фотодокументација,
- потврда од клубот за членство и постигнати резултати.

Член 3

Предлозите ги разгледува комисија од 5 члена, (член на Претседателство, ЦСО, член од младинската комисија, административното лице и член од планинарски клуб) која самостојно одлучува и донесува предлог до Претседателството.

Член 4

Предлог Ранг- листа на успешни млади спортисти до 20 години за доделување на категоријата спортист - спортска надеж, Комисијата ја подготвува врз основа на утврдените критериуми при ФПСМ:

- постигнати резултати во лигата на натпревари кај планинарската ориентација по категории,
- искачени планински врвови според категоризацијата на комисијаа за високогорство и експедиционизам или
- посебен придонес во развојот и подршката на планинарскиот спорт.

Член 5

Претседателството ја донесува конечната Одлука по предложената Ранг-листа од Комисијата.

Член 6

Доделената награда е трајна.

Член 7

За толкување на одредбите на овој Правилник надлежно е Претседателството на ФПСМ.

Член 8

Правилникот стапува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на ФПСМ
Проф.Д-р.Јовица Угриновски